**ПРЕДЛОГ**

# О Д Л У К А
## за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, по Годишна сметка за 2018 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на Акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 27.05.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, по Годишна сметка за 2018 година**

1. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, во деловната 2018 година, има остварено нето добивка во износ од **154.782.975,00 денари**.

2. Остварената нето добивка во износ од **154.782.975,00 денари** се распределува на следниов начин:

   - 7.760.915,00 денари во законски резерви
   - 55.000.000,00 денари во задржана добивка за инвестициски вложувања − реинвестирана добивка која Банката ќе ја користи во 2019 година
   - 92.022.060,00 денари за покривање на загубата од претходната година.

3. Задржаната добивка од претходни години расположлива за распределба на акционерите во износ од 28.487.764,00 денари ќе се искористи за покривање на загубата од претходната година.

4. Добивката која се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања не е расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина.

5. Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач

**Образложение**
**кон Одлуката за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, по Годишна сметка за 2018 година:**

Согласно ревидираните финансиски извештаи на Банката за 2018 година, Банката оствари нето добивка од 154.782.975,00 денари. Согласно член 483 од Законот за трговски друштва, Надзорниот одбор на Собранието на акционери му предлага распределба на нето добивката за 2018 година: 7.760.915,00 денари во законски резерви, 55.000.000,00 денари во задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка и 92.022.060,00 денари за покривање на загубата од претходната година. Со задржаната добивка од претходни години расположлива за распределба на акционерите во износ од 28.487.764,00 денари, акумулираната загуба ќе биде покриена.

Со оваа Одлука, загубата од претходната година која произлезе од имплементацијата на ИФРС 9 стандардот, во износ од 120.509.824,00 денари, ќе биде целосно покриена.

Добивката која се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања е во согласност со годишниот план за инвестиции и служи за развојни цели, односно за вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста и истата не е расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина.
Распределбата на дел во задржана добивка за инвестициски вложувања е со намена за користење даночно ослободување во согласност со законот за данок на добивка.